


Во виртуелниот свет си?

Честитки!

Ти си само еден од милијарда млади во виртуелниот океан со риби и ајкули.

Но, дали знаеш каде си, со кого и што има околу тебе?




## Што е вознемирување преку Интернет?

Вклучува насочување на погрдни или навредливи коментари кон насочени лица постојано.

Може да се појави во следниве форми: малтретирање преку Интернет, компјутерски разговор, тролање или ширење омраза.

## Што е сајбер силеџиство?

Малтретирање преку Интернет или други ИКТ, вклучува навредливи или малициозни пораки, е-пошта, соба за разговор или коментари на профил со пораки или, уште поекстремни, веб-страници направени со штетни намери кон индивидуа или одредена група на луѓе.




## Што е онлајн предатор?

Лице кое врши сексуална злоупотреба на деца што започнува или се случува на Интернет.

## Што е зависност од социјални медиуми?

Прекумерна употреба на социјални медиуми, е форма на психолошка или бихевиорална зависност од платформите на социјалните медиуми, позната и како нарушување на зависноста од Интернет и други форми на прекумерна употреба на дигиталните медиуми.




## Што е радикализација?

Радикализацијата е примена на идеи, убедувања или цели кои треба да предизвикаат дејствие за драстична длабока промена на она што се смета за нормално и секојдневно.

## Која е разликата меѓу заканите во физичкиот свет и виртуелниот?

Заканата е директна пресметлива и видлива во физичкиот простор.

Заканата во виртуелниот свет е виртуелна и не пресметлива.




# Што е хакирање?

Хакирање е вообичаен термин кој се користи да го опише незаконското влегување во информатички компјутерски систем. Има синтатички напади, кои се директни - станува збор за софтвери и се јавуваат во форма на:

- вируси,
- црви,
- тројанци.

И семантичките напади значат модификација и дисеминација на точни и не точни информации.




## Што се лажни вести?

Во најопшта форма се невистинити информации презентирани како вести каде се инсистира дека информацијата е точна.

## Што е Clickbait (Кликбајт)?

Едноставно кажано, тоа е наслов што го искушува читателот да кликне на врската до приказната. Но, името се користи пејоративно за да се опишат наслови кои се сензационализирани.

## Што е говор на омраза?

Искажан став усно или напишан кој има за цел да омаловажи, вознемири, создаде страв или поттикнува насилство против едно или повеќе лица поради нивните лични карактеристики или припадноста кон одредена група или заедница.
Односно говорот е насочен против оние кои се гледаат како различни.

СИГУРНИ ВО ВИРТУЕЛНИОТ СВЕТ

# Неколку совети за да останете побезбедни во сајбер просторот:

Не споделувај ништо што сметаш дека треба да остане помеѓу тебе, помеѓу тебе и другарките(ите) или со личноста која сакаш да имаш тајни!

Никогаш не отварај емаил од непознат.

Ако имаш линк кој ти го пратила(л) „бестито“ дури и да ти е ОК текстот јави се прашај дали таа/тој ти праќа нешто.

Внимавај на кои сајтови сурфаш и што правиш некој тоа да гледа се’.

Не си кул ако молчиш за работи кои мислиш дека не се во ред дури и ако ти прават нелагодност-не, ти не си кул!

Биди внимателен!

Читај го текстот кога симнуваш апликација или кога инсталираш нешто ново!




# Неколку совети за да останете побезбедни во сајбер просторот:

Биди кул и воспостави твои правила на профилот!

Кој може да гледа и што!

Кој може да коментира!

Размисли - дали стварно сакаш да имаш виртуелни пријатели – ликови кои не ги знаеш?

Размисли добро пред да постираш нешто и провери!

Дали сакаш сите да го видат?

Дали ќе повредиш некого?

Дури и да сакаш да повредиш во моментот дали се спрема(ен) за последиците??

Не биди були и не толерирај були (насилник)?




# Совети за тоа како сами да ги заштитите личните податоци

Заклучи го уредот секогаш кога не го употребуваш

Употребувај силна лозинка (комбинација на големи и мали букви,бројки и симболи) со најмалку осум карактери

Секогаш применувај последна верзија на софтвер на уредот

Скриј ги важните датотеки

Исклучи ги непотребните сервиси и процеси


СИГУРНИ ВО ВИРТУЕЛНИОТ СВЕТ
КЛИКАЈ МУДРО
Не им верувај на имејл пораките кои бараат лични илибанкарски податоци.
Не зачувувај податоци на банкарската картичка на интернет или во интернет пребарувачи
Твоите лични податоци и информации не треба да се јавни на интернет
Не инсталирај софтвер добиен во прилог на мејл или е непознат




Некој го хакирал твојот ФБ профил или креирал лажен профил со твоја фотграфија и лични податоци

КАКО ДА СЕ ИЗБРИШЕ?

1. Се обраќаш до Агенцијата за заштита на личните податоци (www.dzlp.mk) каде доставуваш

- Барање за бришење на лажниот профил креиран на Ваше име, со кратка неформална содржина со која ќе се опишеш во што се состои злоупотребата

Фотокопија од твоја важечка лична карта или пасош

Согласнот

Пријава на: nadzor@dzlp.mk



СИГУРНИ ВО ВИРТУЕЛНИОТ СВЕТ

# Facebook & Instagram

На Фејсбук и Инстаграм не се допуштени профили на лица кои лажно се преставуваат!

Ако некој има креирано профил во кој се преставува како да си ти, пријави на:

https://www.facebook.com/help
https://help.instagram.com




# ИНТЕРНЕТ ИЗМАМИ

Сите видеови на интернет измами се пријавуваат до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР, односно до сите Отсеци за компјутерски криминал на регионално ниво (СВР Скопје, СВР Велес, СВР Штип, СВР Струмица, СВР Битола, СВР Охрид, СВР Тетово и СВР Куманово).

СИГУРНИ ВО ВИРТУЕЛНИОТ СВЕТ

# ОНЛАЈН НАСИЛСТВО

Може да се пријави во Министерството за внатрешни работи, на адресата cybercrime@moi.gov.mk, и во Министерството за образование и наука отвори на специјално отворената адреса за пријавување насилство во училиштата prijavinasilstvo@mon.gov.mk или paraqutdhune@mon.gov.mk

Прочитајте и во публикацијата на УНИЦЕФ и низа други препораки, за секоја социјална мрежа одделено, за тоа како луѓето, а особено младите, можат да се заштитат од онлајн насилство




Медиа Плус

Публикацијата е создадена со поддршка на регионалниот проект СМАРТ БАЛКАН - Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, кој е имплементиран од Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП ) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ), а финансиски е поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

Содржината на оваа публикација „Сигурни во виртуелниот свет„ е единствена одговорност на Медиа Плус и не мора да ги одразува ставовите на Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП), Институтот за демократија и медијација (ИДМ) и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

Norway

SMART Balkans
Civil Society for Shared Society in the Western Balkans